РЕФОРМИТЕ НАСПРОТИ ПРАВАТА

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА OPEN ОТВОРЕНО SOCIETY ОПШТЕСТВО MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# ЕФИКАСНОСТА НА НЕЗАВИСНИТЕ ТЕЛА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РМ*

Во 90-тите години од минатиот век, а особено по Светската конференција за човековите права во 1993 година, бројот на националните тела за заштита на човековите права на глобално ниво значително се зголеми. Во процесот на својата транзиција кон демократија, многу држави, меѓу кои и Република Македонија, воспоставија вакви институции.

Ефикасноста на овие институции зависи од тоа дали овие тела имаат функционален капацитет, дали оптимално ги користат човечките и финансиските ресурси, дали се достапни и транспарентни, дали се консултираат со граѓанското општество, дали брзо и ефективно постапуваат по претставките, каков мандат, јурисдикција и надзор имаат, дали системски ги третираат прашањата поврзани со човековите права и, крајно, од тоа каква е перцепцијата на јавноста за овие институции.

## ИСТРАЖУВАЊЕТО „ЕФИКАСНОСТА НА НЕЗАВИСНИТЕ ТЕЛА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РМ“ ДАВА ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊЕТО:

## КОЛКУ ОВИЕ ДОМАШНИ НЕЗАВИСНИ ТЕЛА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА СЕ ЕФИКАСНИ ВО СВОЈАТА РАБОТА?

Опфаќајќи ја работата на националните тела за заштита на човековите права во периодот од 2009 година, кога Европската комисија препорача отворање на пристапните преговори со Република Македонија, до крајот на 2015 година, истражувањето разгледува неколку аспекти на ефективноста на работата на овие тела. За потребите на истражувањето е спроведено истражување за свесноста и перцепцијата на јавноста за работата на селектираните тела, на повеќестепенст ратификуван репрезентативен примерок на

**1.013 ИСПИТАНИЦИ.**

* овој текст ги претставува сумарните наоди и препораки на анализата која во целосна верзија е достапна тука

# ГРАЃАНИТЕ НЕ СЕ ИНФОРМИРАНИ ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИТЕ ТЕЛА

Според податоците од истражувањето, македонските граѓани не се информирани за постоењето на националните тела за заштита на човековите права, како што се Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, со оглед на нивните надлежности, и за постоењето на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и Дирекцијата за заштита на личните податоци.




**ОД ГРАЃАНИТЕ ВООПШТО НЕ СЛУШНАЛЕ ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ**




**ОД ГРАЃАНИТЕ НИКОГАШ НЕ СЛУШНАЛЕ ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**




**ОД ГРАЃАНИТЕ НИКОГАШ НЕ СЛУШНАЛЕ ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**




**ОД ГРАЃАНИТЕ НИКОГАШ НЕ СЛУШНАЛЕ ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**ПОГОЛЕМИОТ БРОЈ ОД ГРАЃАНИТЕ КОИ СЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО НАЦИОНАЛНИТЕ ТЕЛА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, ЗА ПОСТОЕЊЕТО И ЗА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОВИЕ ТЕЛА ДОЗНАЛЕ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ.**

Граѓаните, пак, кои знаат за функционирањето и за надлежностите на националните тела за заштита на човековите права, работата на овие тела ја оценуваат просечно, покажуваат податоците од истражувањето *„Ефикасноста на независните тела за заштита на човековите права во РМ“*.

Речиси сите тела во своите извештаи укажуваат на тоа дека финансиските ресурси што им се ставаат на располагање не се доволни за нивно соодветно функционирање, односно дека од таа причина се соочуваат со потешкотии во работењето. Ова укажува на тоа дека заштитата на човековите права од страна на овие тела е систематски недоволно финансирана од страна на државата. Друга причина која е непосредно поврзана со претходната е и недоволниот кадровски капацитет на телата, што пак директно влијае врз неефикасноста на нивната работа. Покрај потребата од доволен број вработени, особено е значаен и профилот на вработените, како и зајакнувањето на влијанието на телата врз имплементацијата на овие наоди.

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Според податоците од истражувањето, **во периодот 2009-2015 година**, во канцелариите на Народниот правобранител **работеле околу 73 лица**, а на годишно ниво биле завршени во просек по **4.084 претставки**. Половината од вкупниот број вработени работеле на претставките. Од вработените кои работеле на претставките (50% од вкупниот број вработени), **1 вработен во канцеларијата на Народниот правобранител завршил 110,8 претставки**.

Мал е бројот на постапките поведени по иницијатива на Народниот правобранител, односно правобранителот во просек поведува по **23 претставки годишно**. Од друга страна, во просек по 2.873 претставки поднесени од страна на граѓаните завршиле со ненаоѓање повреда на нивните права.

Имајќи предвид дека голем број од претставките поднесени од страна на граѓаните завршуваат со ненаоѓање повреда, може да се заклучи дека граѓаните не можат сами да идентификуваат повреда на правата, со што постапките поведени по иницијатива на правобранителот добиваат на значење и нивниот број треба да се зголеми.

Народниот правобранител **располагал со просечно 64.770.114 денари годишно**. Во речиси сите годишни извештаи, Народниот правобранител истакнува дека работи со недоволен кадровски капацитет и со недоволен буџет. Со зголемување на бројот на вработените кои работат директно на претставки, наспроти административниот и техничкиот персонал, може да се постигне поголема ефикасност во работата на оваа институција.

Непостоењето механизми за контрола на спроведувањето на наодите на Народниот правобранител, исто така, сериозно влијае врз ефективноста на работата на ова тело. Постојат голем број постапки во кои Народниот правобранител по наоѓањето повреда ги искористил сите законски можности, а неговите препораки не се прифатени.

Народниот правобранител на Република Македонија има **6 подрачни канцеларии** (во Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и во Штип). Веб-страницата на Народниот правобранител е достапна и добро одржувана, освен на македонски, уште и на англиски и на албански јазик.

НА ГОДИШНО НИВО БИЛЕ ЗАВРШЕНИ ВО ПРОСЕК ПО
**4.084**
**ПРЕТСТАВКИ**

КАЈ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ БИЛЕ ВРАБОТЕНИ ПРОСЕЧНО ПО
**73**
**ЛИЦА**

1 ВРАБОТЕН
ЗАВРШИЛ ПРОСЕЧНО
**110,8**
**ПРЕТСТАВКИ**

НА ГОДИШНО НИВО, ВО ПРОСЕК, НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ РАСПОЛАГАЛ СО
**64.770.114**
**ДЕНАРИ**

СЕ РАБОТИ СО НЕДОВОЛЕН КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТ И СО НЕДОВОЛЕН БУЏЕТ.

НЕ ПОСТОЈАТ ЕФЕКТИВНИ МЕХАНИЗМИ ЗА КОНТРОЛА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА НАОДИТЕ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

# КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Комисијата** која е составена од седум члена, во периодот на своето постоење **примила во просек по 80 претставки годишно, а завршила во просек по 56 претставки годишно,** со тоа што од година во година има заостаток на претставки кои не се решени. На еден член на Комисијата во просек отпаѓаат по 8 завршени претставки годишно.

Комисијата дава мислење за наводна дискриминација во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на претставката. Сепак, во извештаите за работата на Комисијата се нагласува дека во постапувањето по претставките Комисијата го надминува овој рок.

Бројот на претставките до Комисијата, иако бележи пораст, сè уште е многу мал. За малиот број претставки, констатира Комисијата, придонесуваат и стравот од секундарна виктимизација, немањето доверба во државните институции, како и недоволната информираност на јавноста за постоењето на ова тело. Во 2015 година бројот на поднесените претставки пред Комисијата нагло опаѓа. Според Комисијата, ова се должи на немањето технички услови за работа на Комисијата.

Во периодот на своето постоење, **Комисијата трошела во просек по 4.307.665 денари годишно.** Комисијата нагласува дека буџетските ограничувања во голема мера влијаат врз обемот и ефикасноста на спроведувањето на нејзините активности. Седумте членови на Комисијата кои имаат статус на именувани лица и оваа функција ја вршат паралелно со другите професионални активности, имаат право на месечен надоместок во висина од две просечни месечни нето-плати исплатени по работник во Република Македонија. Со расположливиот буџет едвај се покриваат трошоците за месечните надоместоци на членовите на Комисијата.

Се поставува прашањето дали работата на Комисијата би била многу поефикасна доколку се намали бројот на членовите на Комисијата, а средствата што би преостанале на тој начин би се искористиле за формирање стручна служба која континуирано и професионално, како единствен ангажман, би работела на претставките по кои постапува Комисијата.

Комисијата, за разлика од Народниот правобранител, нема свои подрачни канцеларии. Според Комисијата, ова го отежнува остварувањето контакт со лицата од другите градови. Истовремено, недостигот од финансиски средства е првенствена причина за недоволното присуство на членовите на Комисијата меѓу граѓаните. Комисијата на веб-страницата дава можност претставки да се поднесуваат и онлајн.

Иако лицата до кои Комисијата ја упатува препораката треба да постапат по неа, сè уште постојат институции кои не постапиле по препораките. Комисијата не посочува на податоци за тоа за колкав број од претставките кои завршиле со наод за дискриминација се иницирани судски постапки, ниту пак колку иницијативи покренала Комисијата за поведување прекршочни постапки.

Комисијата истакнува дека поради малиот фонд средства што сега ги има на располагање, не може во целост да ги извршува своите законски обврски, вклучително и следењето на судските постапки во врска со дискриминацијата.

КОМИСИЈАТА ПРИМАЛА ВО ПРОСЕК ПО **80** **ПРЕТСТАВКИ ГОДИШНО**

ЗАВРШИЛА ВО ПРОСЕК ПО **56** **ПРЕТСТАВКИ ГОДИШНО**

КОМИСИЈАТА ПОТРОШИЛА ВО ПРОСЕК ПО **4.307.665** **ДЕНАРИ ГОДИШНО**

СЕ РАБОТИ СО НЕДОВОЛЕН КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТ И СО НЕДОВОЛЕН БУЏЕТ.

# КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

На годишно ниво, **Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер постапувала по, во просек, 698 жалби**. Бројот на жалби значително варира во одделните години, што значи дека Комисијата мора да има капацитет да постапува навремено и по поголем број жалби. Според искуствата, Комисијата вообичаено не успеала да постапи во определениот законски рок.

**Од 698 жалби кои во просек** се поднесени до Комисијата на годишно ниво, **на секој член на Комисијата отпаѓаат во просек по 140 жалби, а секој вработен во Секретаријатот на Комисијата со правничко образование работел на, во просек, 116 жалби на годишно ниво.**

**Комисијата на годишно ниво располагала со по 12.849.591 денар, а имала по 14 вработени.** Во своите извештаи таа нагласува дека вработените според стручната квалификација и бројната состојба не се доволен кадар за квалитетно и навремено спроведување на нејзините надлежности. Комисијата постојано нагласува дека поради недоволните финансиски ресурси се соочува со тешкотии во спроведувањето на своите надлежности.

Комисијата има функционална верзија на веб-страницата на македонски, албански и на англиски јазик. Од аспект на физичката достапност, Комисијата е недостапна за лицата со физичка попреченост.

Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер не содржи посебна прекршочна одредба со која би се санкционирало неспроведувањето на конечното решение на Комисијата, иако смета дека директното изрекување прекршочни санкции од нејзина страна ќе доведе до поефикасно водење на прекршочната постапка, а со тоа и до зголемување на ефикасноста.

КОМИСИЈАТА ПОСТАПУВАЛА ПО, ВО ПРОСЕК,
**698**
**ЖАЛБИ**

СЕКОЈ ВРАБОТЕН РАБОТЕЛ НА, ВО ПРОСЕК,
**116**
**ЖАЛБИ ГОДИШНО**

КОМИСИЈАТА НА ГОДИШНО НИВО РАСПОЛАГАЛА СО ПО
**12.849.591**
**ДЕНАРИ**

КОМИСИЈАТА ИМАЛА ПО
**14**
**ВРАБОТЕНИ**

# ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Во Дирекцијата на годишно ниво биле водени по во просек **273 инспекциски надзори. Во просек, на годишно ниво, на инспекциски надзор работеле 8 вработени (од вкупно, во просек, 23 лица, не вклучувајќи ги волонтерите). На годишно ниво Дирекцијата потрошила 15.550.580 денари од јавниот буџет.** Дирекцијата има 8 инспектори. Поради недостиг од кадровски ресурси, а заради навремено исполнување на надлежноста за инспекциски надзор, во годините меѓу 2011 и 2015 година дополнително биле вклучени по 4-5 лица за спроведување инспекциски надзор. Еден од посериозните предизвици со кои се соочува Дирекцијата, по нивно мислење, е постојаниот одлив на квалификувани кадри.

Достапноста до граѓаните се обезбедува преку лична посета на граѓаните во канцеларијата на Дирекцијата, комуникација по телефон за контакти со странки, доставување барања за утврдување повреда на правото за заштита на личните податоци, иницијативи за инспекциски надзор, како и други контакти со граѓаните на е-маил и посети на социјалните медиуми.

Дирекцијата има функционална верзија на веб-страницата на македонски, албански и на англиски јазик. Од аспект на физичката достапност Дирекцијата е недостапна за лицата со физичка попреченост.

Поради спецификата на нејзините надлежности, Дирекцијата има најдобри можности за влијание врз имплементацијата на сопствените наоди. Имено, по констатирање на повредите со записник за извршен инспекциски надзор, се донесува решение со кое се утврдуваат роковите за отстранување на повредите. Доколку повредата не се отстрани во утврдениот рок, се спроведува контролен надзор и се утврдува кои повреди не се отстранети. Инспекторот има обврска за покренување прекршочна постапка доколку при вонредниот инспекциски надзор се утврдени повреди на правото на заштита на личните податоци.

ВО ДИРЕКЦИЈАТА НА ГОДИШНО НИВО БИЛЕ ВОДЕНИ ПО ВО ПРОСЕК **273 ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ**

НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР РАБОТЕЛЕ **8 ВРАБОТЕНИ**

НА ГОДИШНО НИВО ДИРЕКЦИЈАТА ПОТРОШИЛА **15.550.580 ДЕНАРИ ОД ЈАВНИОТ БУЏЕТ**

# ПРЕПОРАКИ

За поголема ефикасност на националните тела за заштита на човековите права, потребно е да се зајакнат буџетските и кадровските капацитети на сите национални тела за заштита на човековите права, обезбедување стручна служба на Комисијата за заштита од дискриминација, како и намалување на бројот на членовите на оваа Комисија и Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Потребно е да се разгледа можноста за спојување на Дирекцијата за заштита на личните податоци и Комисијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер во едно тело кое би работело во овие две области.

Воедно, потребно е да зајакнат можностите на Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација и Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер да влијаат врз имплементацијата на своите наоди.

Заради подобрување на достапноста на Комисијата за заштита од дискриминација, треба да се разгледа можноста подрачните канцеларии на Народниот правобранител да можат да се користат од страна на граѓаните за поднесување претставки до Комисијата за заштита од дискриминација.

Исто така, треба да се дислоцираат просториите на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и на Дирекцијата за заштита на личните податоци, заради обезбедување физичка достапност до лицата со физичка попреченост.

Поради малата општествена видливост на сите тела, треба да се прават уште поголеми напори за информирање на граѓаните за постоењето и работата на сите тела. Напорите треба да бидат насочени кон што поголемо медиумско претставување на телата.